**20250621300**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став (4) од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 39/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 март 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21, 292/21, 78/22, 188/22, 218/22, 25/23, 74/23, 166/23, 202/23, 275/23, 91/24 и 258/24), во членот 1 во ставот (2) по бројот „504“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 505, се додаваат пет нови Прилози 506, 507, 508, 509 и 510, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-2012/6
18 март 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32024R1992, CELEX бр. 32024R1993, CELEX бр. 32024R1998, CELEXбр. 32024R2136 и CELEX бр. 32024R2525.

**Прилог 506**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 1992/2024** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Тесна облека што го покрива горниот дел од телото, изработена од три различни видови плетени текстилни ткаенини од вештачки или синтетички влакна. Составена е од основна ткаенина и неколку делови кои се прикачени на основната ткаенина:<br><br>— основна ткаенина (85% полиестер и 15% еластин) (единечна обична или трикотажна плетена ткаенина),<br><br>— цврсти делови (100% полиестер) (ткаенина со преплетено плетење), и<br><br>— мрежести делови (92% полиестер и 8% еластин) (ткаенина плетена на основата).<br><br>Облеката има тркалезено деколте со кратки тесни ракави, а на грбот е порабена по целата должина со релативно цврст еластичен ремен широк приближно 2,5 см. На предниот дел на облеката има два цврсти хоризонтални дела прикачени на основниот материјал во долната четвртина од облеката. Ширината на овие делови одговара на должината на системот за закопчување составен од кука и јамка.<br><br>Задниот дел е направен од цврст панел што се протега вертикално по 'рбетот и се разгранува лево и десно преку рамената, обвиткан со вертикални мрежести парчиња и основна ткаенина.<br><br>Облеката има целосен преден отвор кој се затвора со патент, а дополнително во долната четвртина од отворот под патентот има систем за закопчување составен од два дела кука и јамка.<br><br>Облеката е дизајнирана да придонесува за исправување на грбот со поддршка на исправеното држење на носителот.<br><br>(Види фотографии 1) (*)<br><br>1. | **6212 90 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (а) од Глава 61, Забелешка 1 од Глава 62, Забелешка 1 (б) од Глава 90 и наименуванијата на тар. број 6212 и тар. подброј 6212 90 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9021 како ортопедско помагало е исклучено согласно Забелешка 1 (б) кон Глава 90, бидејќи оваа облека е потпорен производ од текстилен материјал чиј ефект врз делот од телото што го поддржува (на пример, исправање на грбот) произлегува исклучиво од еластичноста на производот. Различната еластичност на различните делови (дури и цврстите делови имаат одредена количина на еластичност, бидејќи се плетени) создаваат ефект на поддршка на телото.<br><br>Распоредувањето во тар. ознака 6106 20 00 како блузи, кошули, кошули-блузи за жени или девојки и во тар. ознака 6109 90 20 како Т-маици, подкошули и други маици е исклучено, бидејќи производот првенствено има карактеристики на облека за поддршка на телото (систем за двојно затворање кој се состои од патент и систем за закопчување со кука и јамка, ефекти кои се должат на комбинацијата на цврсто плетениот дел по должината на 'рбетот и преку рамениците со поеластични делови и создадената напнатост на држењето на носителот добиена од различните нивоа на еластичност). Облеката е дизајнирана да помогне да се исправи грбот со поддршка на исправеното држење на корисникот.<br><br>Според тоа, производот дизајниран како облека за потпора на телото (види Коментарски Забелешки на Хармонизираниот Систем (КЗХС) за тар. број 6212) е исклучен од Глава 61 во согласност со Забелешка 2 (а) од оваа глава.<br><br>Затоа, производот е распореден во тар. подброј 6212 90 00 како други слични производи. |

| | | |
|---|---|---|
|    Три различни ткаенини: Три ткаенини под микроскоп:   | | |
| 2. Тесна облека што го покрива горниот дел од телото и е изработена од два различни вида на плетени текстилни материјали од вештачки или синтетички влакна: предниот дел на облеката е изработен од тафтуван материјал (вид на фротир; 83% полиестер, 17% еластин), а задниот дел на облеката е изработен од ткаенина со мрежеста структура (100% најлон).<br><br>Облеката има тркалезно деколте, без ракави, целосен преден отвор кој се затвора со патент. Освен тоа, на долната половина од отворот под патентот има систем за закопчување со кука и јамка. На долната третина од предните делови има двослоен текстилен материјал (вториот слој текстилен материјал е зашиен од внатрешната страна). Во долниот дел од предната страна на облеката има по една еластична лента од двете | **6212 90 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (а) од Глава 61, Забелешка 1 од Глава 62, Забелешка 1 (б) од Глава 90 и наименувањата на тар. број 6212 и тар. подброј 6212 90 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9021 како ортопедско помагало е исклучено согласно Забелешка 1 (б) кон Глава 90 бидејќи оваа облека е потпорен производ од текстилен материјал чиј ефект врз делот од телото што го поддржува (на пример, исправање на грбот) произлегува исклучиво од еластичноста на производот. Прилагодливите, еластични ленти обезбедуваат поддршка на телото. |

| | | |
|---|---|---|
| страни (ширина приближно 10 cm и должина приближно 10 cm). Овие две еластични ленти се користат за затегнување на долниот дел од облеката и може да се закачат и прилагодат на предната страна со велкро.<br><br>На задната страна на облеката се прикачени три нашиеници за фиксација од типот велкро (секоја со приближно 5 cm ширина и приближно 9 cm должина). Две такви нашиеници се наоѓаат над лопатките, а третата се наоѓа малку пониско во средината на грбот, во пределот на 'рбетот. Овие нашиеници овозможуваат прицврстување на двете еластични ленти од надворешната страна на облеката. Двете еластични ленти (100% полиестер; приближно 8 cm ширина и 45 cm должина) се вклучени со облеката и може да се прицврстат на нашиениците над рамото и во средината на грбот. Тие се наменети да се протегаат од рамото дијагонално по должина кон задниот дел на облеката до половината, каде што може да се прилагодат (по потреба се прикачуваат на предниот материјал од облеката).<br><br>Од внатрешната страна на облеката, секоја еластична лента (приближно 5 cm ширина и 30 cm должина) е изработена од клеточна пластична маса и зашиена со својата пократка страна на една од двете нашиеници на рамото. Секоја од еластичните ленти се протегаат преку рамената до градите на предните делови и зашиени се со својата пократка страна на внатрешната страна на предните делови. Овие еластични ленти се прицврстени со три текстилни јамки кои се наоѓаат од внатрешната страна на секој преден дел од облеката.<br><br>На задната страна од облеката има лента (изработена од клеточна пластика; приближно 3,5 cm ширина) прицврстена за внатрешната страна на долниот дел од облеката.<br><br>Облеката е дизајнирана да придонесува за исправување на грбот со поддршка на исправено држење на носителот.<br><br>(Види фотографии 2) (*)<br><br>2.<br><br>  | | Распоредувањето во тар. ознака 6109 90 20 како Т-маици, подкошули и други маици или во тар. ознака 6110 30 99 како елеци или слични производи за жени или девојки, исто така, е исклучено бидејќи производот првенствено има карактеристики на облека за потпора на телото (систем на двојно затворање кој се состои од патент и систем за закопчување со кука и јамка, ефектите на напнатост на грбот на корисникот создаден од двете прилагодливи еластични ленти кои се движат дијагонално од рамената до половината, како и напнатоста на грбот создадена од еластичните ленти од внатрешната страна на облеката). Облеката е дизајнирана да помогне да се исправи грбот со поддршка на исправеното држење на корисникот.<br><br>Според тоа, производот дизајниран како облека за потпора на телото (види КЗХС за тар. број 6212) е исклучен од Глава 61 во согласност со Забелешка 2 (а) од оваа глава.<br><br>Затоа производот е распореден во тар. подброј 6212 90 00 како други слични производи. |

<table>
<tr><td><br>Две еластични ленти прикачени на задната страна:<br><br>Предна страна (внатрешен поглед):<br><br>Задна страна (внатрешен поглед):<br></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">(*) Фотографиите се само од информативен карактер</td></tr>
</table>

**Прилог 507**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 1993/2024** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на презентациски каталог со димензии приближно 22 x 25 cm, составен од цврст, сјаен картон, печатен во боја и содржи информации за бојата на косата објавена во него.<br><br>Внатрешните страници на каталогот се претежно непечатени и содржат примероци од прамени од синтетички влакна (приближно 4 cm должина и приближно 2 cm ширина) распоредени по нијанса на бојата, кои се или залепени или прицврстени со отстранливи пластични штипки.<br><br>Производот е наменет за рекламирање, презентирање и илустрација (за избор) на различни бои за фарбање на коса за директна продажба, за фризерски салони или изложбени/презентациски штандови.<br><br>(Види фотографија) (*)<br><br> | **4911 10 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 5 од Глава 49 и наименуванијата на тар. број 4911 и тар. подброеви 4911 10 и 4911 10 90.<br><br>Производот е главно наменет за рекламирање и промовирање на различни нијанси на боја за коса. Во согласност со забелешка 5 кон Глава 49, брошурите и трговските каталози се распоредени во тар. број 4911.<br><br>Производот е рекламен материјал од тарифниот број 4911 наменет за промовирање и презентирање на различни бои за фарбање на коса и не е конкретно опфатен со ниту еден од претходните тарифни броеви од Глава 49 (види и КЗХС за тарифниот број 4911, прв и петти став, точка 1).<br><br>Затоа, производот е распореден во во тар. подброј 4911 10 90 како друг комерцијален рекламен материјал и слично. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 508**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 1998/2024** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот (т.н. пасивен оптички разделувач) во форма на пластична кутија со димензии приближно 377 × 176 × 40 mm, со една влезна порта и 32 излезни порти. Содржи кабли со оптички влакна, конектори од типот SC/APC и во едно куќиште оптички брановоди со „сплитер чип“ и облога направена од материјал со низок индекс на рефракција.<br><br>Производот е наменет за употреба во пасивна оптичка мрежа (PON) за разделување на оптичките сигнали пренесени преку неа со оптички кабли. Тоа е пасивен оптички елемент, кој работи без електричен или електронски систем кој го дели влезниот оптички сигнал на 32 идентични излезни сигнали.<br><br>Принципот на работа на производот се заснова на разликата во индексот на рефракција помеѓу јадрото и обложениот слој, што одговара на технологијата PLC (анг. Planar Lightwave Circuit).<br><br>(Види фотографии) (*)<br><br><br><br> | **9013 80 40** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (ј) од Оддел XVI и наименуванијата на тар. број 9013 и тар. подброеви 9013 80 и 9013 80 40.<br><br>Распоредувањето во 8517 како други апарати за пренос или прием на глас, слики или други податоци, вклучувајќи апарати за комуникација во жична или безжична мрежа е исклучено бидејќи производот е наменет само за разделување на оптички сигнали пренесени преку оптичката мрежа со оптички кабли. Не извршува модулација, ниту пренос, прием или конверзија во смисла на тар. број 8517.<br><br>Бидејќи производот содржи брановоди, чие присуство не е дозволено во опсегот на примена на тарифниот број 8544, распоредувањето како кабли со оптички влакна направени од поединечно обложени влакна, без разлика дали се составени или не со електрични спроводници или опремени со конектори, исто така, е исклучено (види и КЗХС за тарифен број 8544, осми став).<br><br>Оттука, производот се смета за оптички уред опфатен во рамките на Глава 90.<br><br>Оттука, производот е распореден во тарифен подброј 9013 80 40 како пасивни оптички разделувачи, што не содржат електрични или електронски елементи, наменети за телекомуникации. |

(*) Фотографиите се само од информативен карактер

**Прилог 509**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 2136/2024 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е течна хемиска мешавина која по маса се состои од:<br><br>- 63% тетрахидро-1,1,2,3,3-пентаметилендан (THPMI; CAS RN 33704-59-5), и<br><br>- 34% од хексахидро-1,1,2,3,3-пентаметилендан (HHPMI; CAS RN 33704-60-8) и<br><br>- 3% од 1,1,2,3,3-пентаметилендан (PMI; CAS RN 1203-17-4).<br><br>Смесата се добива со каталитичка хидрогенизација на PMI (почетен материјал). Производите формирани за време на хемиската реакција се THPMI (главен производ) и HHPMI (нус-производ).<br><br>Смесата е наменета за директна употреба, без никакво прочистување, во производството на (*rac*)-6,7,-дихидро-1,1,2,3,3-пентаметил-4(5H)-инданон (DPMI; CAS RN 33704-61 -9) преку алилна оксидација на THPMI. | **3824 99 92** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (а) од Глава 29 и наименуванијата на тар. број 3824 и тар. подброеви 3824 99 и 3824 99 92.<br><br>Поради значителната концентрација на HHPMI, производот е мешавина која не може да се смета како посебно хемиски дефинирано органско соединение кое се состои од еден тип на молекула во смисла на Забелешка 1 (а) од Глава 29 (види КЗХС од Глава 29, Општи одредби, точка (А), прв став). Затоа, распоредувањето на мешавината во Глава 29 е исклучено.<br><br>Според тоа, производот е распореден во тар. подброј 3824 99 92 како други препарати од хемиската или сродните индустрии, кои не се споменати или опфатени на друго место. |

**Прилог 510**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 2525/2024 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Тесни, еластични, унисекс гаќи изработени од кружна плетена тенка ткаенина од вештачки или синтетички влакна (96% полиестер и 4% еластин). Главниот дел од гаќите е плетен како цевка без рабови. На долната страна на производот има раб што го затвора отворот по должина на едната ногавица преку меѓуножјето до крајот на другата ногавица.<br><br>Гаќите немаат нашиеница во пределот на препоните на производот.<br><br>Гаќите имаат широка, цврста и високо еластична лента околу половината. Рабовите на ногавиците се порабени. Порабениот дел е еластичен и се прилепува на ногата.<br><br>Гаќите можат да се перат.<br><br>Кога се увезуваат, гаќите се декларираат како дел од дводелниот „систем за инконтиненција“ кој се состои од гаќи и влошки за инконтиненција. Поради својата еластичност, гаќите се погодни за прилепување на различни производи кои допираат до кожата на корисникот, на пример различни влошки (со различна големина и форма) или завои. Во конструкцијата на гаќите нема индикации дека се наменети за држење влошки или завои.<br><br>Со гаќите не се увезуваат ниту подлоги за пелени, ниту абсорбирачки влошки или завои од било кој вид.<br><br>(Види фотографии) (*)<br><br> | **6108 22 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешки 1 и 9 од Глава 61 и наименуванијата на тар. број 6108 и тар. подброј 6108 22 00.<br><br>Исклучено е распоредувањето во тар. број 9619.<br><br>Самите гаќи не се слични на ниту еден од производите опфатени во тар. број 9619, бидејќи се работи за обични тесни и еластични унисекс гаќи изработени од тенка ткаенина. За разлика од другите производи наведени во овој тар. број, самите гаќи немаат абсорбциони карактеристики што би им овозможило да се третираат, на пример, како пелена. Материјалот од кој се направени не го спречува пропуштањето на телесните течности и не апсорбира течности од телото (види ги и КЗХС за тарифен број 9619, прва алинеја и Дополнителна забелешка 1 од Глава 96 од Комбинирана номенклатура, кои ги нагласуваат абсорбентните својства на овие производи).<br><br>Дополнително, исклучено е распоредувањето во тар. подброј 9619 00 89 како производи за инконтиненција. Производот не може да се смета за нецелосен или недовршен, несоставен (апсорбирачкиот дел ќе се додаде по увозот) во согласност со општото правило 2 а). Гаќите ги немаат основните карактеристики на производ за инконтиненција бидејќи нивниот дизајн не сугерира дека се наменети за држење на завои или инконтиненција или која било друга намена што бара производот да се залепи на кожата на носителот.<br><br>Затоа, еластичните текстилни гаќи кои немаат својство да апсорбираат течност не се производи опфатени во тарифен број 9619.<br><br>Сепак, тие се слични на унисекс плетени гаќи распоредени во тар. број 6108 во точка 3 од Анексот на Регулативата на |

| | | |
|---|---|---|
| <br> | | Комисијата (ЕЕЗ) бр. 350/93 ([1]), при што значителната еластичност на различните плетени унисекс гаќи овозможуваат, на пример, да се постави влошка во нив и во тој случај тие би биле погодни, на пример, за инконтиненција.<br><br>Отсуството на нашиеница во препоните на производот не го исклучува од распоредувањето во тарифниот број 6108.<br><br>Оттука, производ е распореден во тар. подброј 6108 22 00 како гаќи за жени или девојчиња. |

(*) Фотографиите се само од информативен карактер
([1]) Регулатива на Комисијата (ЕЕЗ) бр. 350/93 од 17 февруари 1993 година за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура (OJ L 41, 18.2.1993, стр. 7, ELI: http://data.europa.eu/eli/reg/1993/350 / oj).